РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-74/1**
**Скопје, 17.01.2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Ново Село за 2005 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Ново Село за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Кирил Чавков, Градоначалник на општина Ново Село, до 31.03.2005 година и
- Никола Андонов, Градоначалник на општина Ново Село од 01.04. 2005 до 31.12.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 06.11. до 08.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

10.1.1. Надоместокот за уредување на градежно земјиште, не се евидентира преку сметките Побарувања и Пасивни временски разграничувања во моментот на настанување на доверителниот однос. Исто така за истото не се склучуваат договори и не се издаваат фактури, што е спротивно на член 18 став 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Овозможено е плаќање на рати без да се донесе Одлука од Советот за начинот на регулирање на плаќањето и без да се обезбедат инструменти за обезбедување на плаќањето. Непочитувањето на законските прописи доведува до немање увид во состојбата на побарувањата и неможност за превземање мерки за нивна наплата.
**Препорака:**
- Правниот субјект, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, е должен во сметководството на Буџетот да ги евидентира побарувањата кои ги има од комитентите по разни основи, вклучително и по претходно споменатиот основ.
- Да се обезбедат инструменти како гаранција на побарувањата по основ надомест за уредување на градежно земјиште кои се плаќаат на рати.

10.1.2. Не се евидентирани ненаплатените побарувања по основ на данок на имот кој се плаќа за недвижен имот и по основ на комунална такса за истакната фирма. Не евидентирањето на побарувањата не е во согласност со одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Причина за ваквата состојба е тоа што документацијата и податоците за овој вид на побарувања со превземањето на овие надлежности од локалната самоуправа се водат во зедничкото даночно одделение формирано со општините Василево и Босилово со седиште во Василево и од таму не се преземени состојбите и не се евидентирани во сметководството на општина Ново Село. Како резултат на тоа се јавува немање на податоци за состојбата на износите на ненаплатените побарувања по овие основи во сметководството на општината.
**Препорака:**
Надлежните органи во општина Ново Село потребно е да воведат евиденција за овој вид на побарувања со цел да ја следат нивната состојба и да превземаат соодветни мерки за наплата на побарувањата по овој основ.

**10.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.2.1. Извршени се плаќања по основ на договори за цесии во износ од 7.114 илјади денари при што е спроведено евидентирање само на сметките за обврски спрема добавувачите и на сметката за материјални средства – градежни објекти во книговодствената евиденција на Органот на општина Ново Село. Бидејќи истите не се спроведени преку сметката на буџетот и органот, приходите и расходите за 2005 година во вкупен износ од 7.114 илјади денари не се искажани во сметководството и финансиските извештаи. Тоа е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за буџетите и има за ефект нереални приходи и расходи за 2005 година.
**Препорака:**
Правниот субјект да не практикува регулирање на побарувањата и обврските со договори за цесии, ако истовремено истите не ги спроведува преку платниот – трезорскиот систем.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1. и 10.2. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Ново Село на 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Буџетот на општина Ново Село е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

**13. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на општина Ново Село во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**13.1. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

13.1.1. Позицијата Парични средства и позицијата Пасивни временски разграничувања во сметководството и во Билансот на состојба на 31.12.2005 година преценета е за износ од 463 илјади денари и е резултат на пресметковно евидентирање на прометот на паричните средства на сметката за наменски дотации за образование и култура, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Според претходното на сметката Парични средства и Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година салдото на 31.12.2005 година, според евидентираните состојби во книговодството на општина Ново Село, треба да изнесува 385 илјади денари. По препорака од ревизијата извршена е корекција.

**13.2. Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

13.2.1. Поради погрешна примена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно непримена на принципот на парично искажување на промените, извршено е преценување на позициите од Билансот на приходи и расходи и тоа:
- За износ од 4.517 илјади денари приходите на ставката Трансфери од други нивоа на власт. Ова е резултат на пресметковно евидентирање на приходите од наменски дотации на општината за активности од областа на образованието и културата, односно иако преку сметката нема остварено прилив на парични средства евидентирани се приходи.
Според евидентираните состојби во книговодството на општина Ново Село вкупните приходи во 2005 година треба да изнесуваат 11.343 илјади денари.

- За износ од 4.054 илјади денари расходите на ставките од позицијата Стоки и услуги. Ова е резултат на пресметковно евидентирање на расходите од сметката за наменски дотации на општината за активности од областа на образованието и културата, иако преку сметката нема остварено одлив на парични средства.

Според евидентираните состојби во книговодството на општина Ново Село вкупните расходи во 2005 година треба да изнесуваат 10. 958 илјади денари.

Непочитувањето на паричното начело на искажување на промените доведува до погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи. По препорака од ревизијата извршени се корекции.

**Скопје, 12.01. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Буџет на ЕЛС НОВО СЕЛО 2005**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 4.821 | 6.925 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 478 | 86 |
| Капитални приходи | 3.3. | 46 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 5.998 | 8.461 |
| **Вкупно приходи** | | **11.343** | **15.472** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 2.822 | 3.302 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.4.2. | 250 | 11 |
| Стоки и услуги | 3.4.3. | 4.568 | 5.800 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | 3.4.4. | 15 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.5. | 73 | 678 |
| Социјални бенефиции | 3.4.6. | 21 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7.749** | **9.791** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.5.1. | 3.209 | 5.277 |
| **Вкупно расходи** | | **10.958** | **15.068** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **385** | **404** |

## Буџет на ЕЛС НОВО СЕЛО
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 385 | 404 |
| Побарувања | 4.1.2. | 134 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **519** | **404** |
| **Вкупна актива** | | **519** | **404** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 519 | 404 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **519** | **404** |
| **Вкупна пасива** | | **519** | **404** |